ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КОМУНАЛЕЦ“ ПРИЛЕП

01 2023 10 02

Скопје, ноември 2023 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Прилеп за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на јавното претпријатие за годините кои претходат на годината предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈКП „Комуналец“ Прилеп за 2022 година констатирани се следните состојби и тоа:

- за објектите кои со делбениот биланс од 30.06.2004 година се доделени на ЈКП и се воведени во сметководствена евиденција, заклучно со 31.12.2022 година не се обезбедени документи за потврдување на правото на сопственост ниту се преземени мерки за утврдување на пазарната вредност на истите;
- за вложувањата во туѓи објекти од 2019 година не се пресметува амортизација;
- за материјалните средства во подготовка добиени со делбен биланс од 2004 година не е обезбедена документација;
- не е извршено вредносно усогласување на побарувањата по основ на собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад, ниту е извршена проценка на степенот на наплатливост на истите заради понатамошно постапување;
- не се врши признавање на ефектите од трансакциите/настаните кога истите се случуваат, туку во периодот кога обврските кон вработените се исплатени, а се однесуваат на новогодишен надоместок и регрес за годишен одмор за вработените, јубилејни награди, судски трошоци, договори за ангажирање на вработени по договор на дело;
- неусогласеност помеѓу сметководствената вредност на основната главнина и запишаната основна главнина во тековната состојба на Централниот регистар, а при тоа од Делбениот биланс во 2004 година до 31.12.2022 година не е извршена проценка на капиталот;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис;
- ЈКП не поседува комплетна документација по основ на запишан и уплатен капитал како Акционерски капитал;
- за извршување на комунални услуги се склучуваат Договори за подигање и транспортирање на комерцијален отпад е врз основа на одлука која се повикува на еден вид на отпад;

- во трговските книги евидентирано е земјиште со вредност од 11.792 илјади денари од кое за 8.731 илјади денари не е обезбедена документација за сопственост;
- поради ненавремено подмирување на обврските на ЈКП за надоместок за одржување на јавна чистота, остварени се помалку приходи во Буџетот на Општина Прилеп во износ од 21.902 илјади денари;
- исплатите на субвенции од страна на Општина Прилеп по основ на Програмата за одржување на јавната чистота се вршат по потпишана ситуација на ЈКП, но без увид и контрола на извршените работи за одржување на парковите, зеленилото и јавните прометни површини;
- несоодветна организациска поставеност на единицата за внатрешна ревизија и
- дефинирани должничко доверителски односи со ЈКП имаат 59.04% од активните корисници – физички лица, а само 6.36% од правните што ја отежнува наплатата на извршените услуги.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

- Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ги истакнуваме состојбите кои се однесуваат на судските постапки кои се во тек и неизвесност од нивниот исход, како и исходот за обврската на ЈКП по основ на Нотарски платен налог за извршување според кој треба да исплати главен долг и камати што дополнително ќе влијае на резултатите од работењето на претпријатието или вкупно трошоци според извршна исправа во износ од 5.972 илјади денари за набавка на половни возила - метларки кои никогаш не биле ставени во функција. Исто така, напоменуваме и за недонесена одлука од Советот на Општина Прилеп за надоместок за управување со отпад во висина од 1% до 2% од цената за извршена услуга за собирање и транспортирање на комуналниот отпад, како и за состојбите со Терминал-Комуналец ДООЕЛ Прилеп чиј основач е ЈКП. Јавното претпријатие не остварува приходи од закупнини поради неисполнување на обврските на Терминал – Комуналец ДООЕЛ Прилеп по основ на закупнини, кое пак има склучен договор со Царинска управа со кој дава на користење работен простор без надомест за период од пет години сметано од потпишувањето на договорот. Терминал - Комуналец ДООЕЛ Прилеп зема и позајмици од основачот - ЈКП без при тоа да се склучат договори за позајмици.

  Од страна на законскиот застапник на субјектот ЈКП „Комуналец“ Прилеп и одговорното лице во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 12 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 16 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 21 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 22 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 22 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 22 |
| 9. | Недостатоци во внатрешната контрола | 24 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 25 |

Финансиски извештаи за 2022 година

| | |
|---|---|
| Биланс на успех | 26 |
| Биланс на состојба | 27 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 28 |
| Извештај за паричниот тек | 29 |

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

| | |
|---|---|
| Вовед | 30 |
| Сметководствени политики | 36 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 45 |

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ Прилеп |
| УО | Управен одбор |
| ЗУО | Закон за управување со отпадот |
| МСФИ | Меѓународни стандарди за финансиско известување |
| ЗУО | Закон за управување со отпадот |
| НПН | Нотарски платен налог |
| ЛС | Локална самоуправа |
| ЈПП | Јавно прометни површини |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ДООЕЛ | Друштво со ограничена одговорност на едно лице |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| ФИ | Финансиски извештаи |

Број: 29 – 173/11
Дата: 04.11.2023

## 1. Вовед

Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Прилеп е основано со Одлука на Собрание на Општина Прилеп на ден 01.11.1989 година и Одлука од 16.09.1992 година, заради вршење на дејност од комунална област од јавен интерес, како незаменлив услов за животот и работата на физичките и правните лица на територија на општина Прилеп.

Претпријатието започнува самостојно да работи по претходно изработен Делбен биланс, а потоа врз основа на донесени Заклучоци за усвојување на Конечен делбен биланс од 22.11.2004 за поделба на ЈКП „Комуналец“ Прилеп, ЈКП „Пазари“ и ЈКП „Водовод и канализација“.

Приоритетна дејност на ЈКП „Комуналец“ Прилеп е обработка и отстранување на безопасен отпад, а врши и останати дејности како: обработка и отстранување на безопасен отпад, трговија на големо со отпадоци и остатоци, останати услуги за чистење, неспоменати на друго место, услужна дејност за уредување и одржување на животната средина и електроинсталатерски работи.

Со Одлука за измени и дополнувања на статутот[1] на претпријатието а потоа со Изјава за основање на Трговско друштво со ограничена одговорност од 11.09.2000 година, основано е Друштво за производство, трговија и услуги „Терминал“ – Комуналец ДООЕЛ Увоз–извоз, а основач е ЈКП „Комуналец“ Прилеп. Според Изјавата за основање на друштвото истиот е обврзан да ја покрие загубата, односно добивката на друштвото му припаѓа во целост.

---

[1] Одлука за измени и дополнувања на статутот бр. 02-455/1-5 од 23.06.2000 година

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи од страна 30 до 33 на ЈКП „Комуналец“ Прилеп, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед на промени на капиталот и резервите, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈКП „Комуналец“ Прилеп за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈКП „Комуналец“ Прилеп на ден 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈКП „Комуналец“ Прилеп, за 2022 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Со извршениот увид во деловните книги и направените анализи на материјалните средства со датум 31.12.2022 година ги утврдивме следните состојби:

- објекти кои со Делбениот биланс од 30.06.2004 година се доделени на ЈКП и се воведени во сметководствена евиденција, и заклучно со 31.12.2022 година не е обезбеден документ за потврдување на правото на сопственост и тоа за: Терминал управна зграда со имотен лист - сопственост на Република Северна Македонија, управна зграда - Сточно пазариште, зграда Бања, продавница кај Бања, продавница за цвеќе, Трафика КЕН - погребна продавница.
- Од страна на ЈКП не се преземени мерки за утврдување на пазарната вредност на имотот - објектите чија сегашна вредност на истите е 0 (нула).
  Оваа состојба не согласно МСС 16 точка 32 според кои објективната вредност на објектите е нивната пазарна вредност утврдена со проценка.
  Согласно Законот за процена член 4, процена на пазарната вредност на јавни претпријатија врши овластен проценувач, на начин пропишан со Методологија, правила и стандарди за процена кои ги вклучуваат признатите меѓународни стандарди за процена на вредноста, како и други закони со кои се регулира проценувањето на вредноста на различни форми на сопственост.

Оваа состојба влијае на реалното и објективно прикажување на податоците за градежните објекти во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември 2022 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за проценка на вредноста на објектите доделени со Делбениот биланс.

3.1.2. Во трговските книги на ЈКП „Комуналец“ Прилеп со состојба на 31.12.2022 година прикажан е износ од 2.835 илјади денари кој се однесува на вложување во објект, добиен на користење и управување со Одлука на Советот на Општина Прилеп[2]. Истиот не е воведен во евиденција на ЈКП. Вложувањата во објектот се направени во текот на 2019 година, со што објектот е приспособен за користење и редовно извршување на работните задачи од страна на вработените. Овие вложувања се евидентирани како основни средства на ЈКП „Комуналец“ Прилеп.

Со увид во доставената документација утврдивме дека за евидентираните вложувања во туѓи објекти не се пресметува амортизација. Оваа состојба не е во

[2] Одлука за престанок и пренесување на правото на користење и управување со недвижен имот број 09-2287/9 од 12.06.2018 година

согласност со член 2 од Уредбата[3] на Владата од 2019 година и истата влијае на реалното и објективно прикажување на податоците за материјалните средства во Билансот на состојба на ден 31 декември 2022 година, како и на потценување на расходите за амортизација прикажани во Билансот на успех за 2022 година.

Препорака
Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за соодветен третман на вложувањата во туѓи објекти.

3.1.3. Со извршениот увид во деловните книги на ЈКП утврдивме дека нематеријалните и материјалните средства во подготовка со состојба на 31.12.2022 година изнесуваат 25.599 илјади денари, при што дел од истите се однесуваат на материјалните средства во подготовка добиени по Делбен Биланс, а останатиот дел се започнати но недовршени материјални вложувања на ЈКП и тоа:

- материјални средства во подготовка во износ од 2.361 илјади денари евидентирани во сметководствената евиденција на ЈКП согласно Заклучоци на Советот на Општина Прилеп за усвојување на Конечниот делбен биланс, со состојба 30.06.2004 година. ЈКП не обезбеди документација за што се однесуваат овие вложувања.
- материјални средства во подготовка во износ од 23.206 илјади денари е состојба која потекнува од минати години, а се однесува на вложувања за изградба на хала и набавка на производствена линија за селектирање на отпад. Првата инвестиција во износ од 11.368 илјади денари е направена во 2013 година и истата се однесува на набавка на опремата - линија за отпад. Со оглед на долгиот период не ставање во употреба упатува на ризик од техничка исправност на истата поради изложеност на надворешни влијанија.

  Во 2017 година е направена инвестиција во метална конструкција за хала во износ од 11.838 илјади денари. Изведбените работи на проектот се прекинати, а договорот за поставување на челичната конструкција со изведувачот е раскинат.

  Во период од 2018 година до 2022 година ЈКП нема направено нови инвестиции по овој проект. Исто така ЈКП нема направено анализа на започнатите инвестиции, ниту пак има донесено одлука во однос на понатамошното реализирање/не реализирање на истите.

Евидентирањето на материјалните средства во подготовка за кои нема документација, вложувања во изградба на хала и набавка на производствена линија

[3] Уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства ("Сл. весник на РМ", Бр. 277/2019)

кои се прекинати а при тоа не е направена анализа на инвестициите кои се реализирани, влијае на реалното и објективно прикажување на материјалните средства во подготовка од Билансот на состојба.

Овие состојби не се во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кој е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- обезбедување на целокупната документација поврзана со материјалните средства во подготовка, како и донесување на соодветен акт за постапување и
- анализа на објективната вредност на досегашните инвестиции во изградба на хала и набавка на производствена линија, како и донесување на акт за постапување со проектот за преработка на безопасен отпад.



Линија за отпад



Хала

3.1.4. Во трговските книги и ФИ со состојба 31.12.2022 година, претпријатието има искажано побарувања по основ на собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад во износ од 136.454 илјади денари. Од вкупните побарувања 86.600 илјади денари се побарувања од физички, а 35.421 илјади денари се побарувања од правни лица, остатокот од 14.433 илјади денари се однесуваат на тужени, извршни и стечајни побарувања.

Со извршената анализа на побарувањата, старосната структура и преземените мерки за наплата, утврдивме дека ЈКП нема направено проценка на степенот на наплатливост на побарувањата заради понатамошно постапување и нема извршено вредносно усогласување за 55.073 илјади денари или 40.36% од вкупните побарувања.

Кај побарувањата од физички лица го утврдивме следното:

- не е извршено вредносно усогласување на побарувањата во вкупен износ од 38.328 илјади денари, од кои 17.000 илјади денари побарувања со општ рок на застареност и за истите се преземени мерки за наплата- не се наплатени повеќе од 10 години. Побарувања во износ од 21.328 илјади денари се однесуваат за период 2014 -2021 година, истите не се утужени наплатени повеќе од една година. Причините поради кои истите не се утужени се следни: промена на адреса на живеење, иселени лица, починати лица, лица со не решени имотно правни односи. Податоците се од увиди кои ги спроведуваат инкасаторите и службата за премер и контрола при правната служба на ЈКП, кои податоци не се доставуваат до УО како предлог одлука за вредносно усогласување на побарувањата;
- За годината 2022, ЈКП има преземено мерки за наплата на побарувањата од граѓани при што изготвени се 996 тужби. Утужениот износ е 3.714 илјади денари, а наплатен е износ од 994 илјади денари односно наплатата по основ на тужби од граѓани е 27%. Утврдивме дека за период од 2005-2022 година иако се врши редовно утужување на физичките лица во вкупен износ 43.574 илјади денари, наплатени се само 17.817 илјади денари или 41%.

Кај побарувањата за правни лица утврдивме дека:

- не е направено вредносно усогласување за побарувања кон правни лица во вкупен износ од 16.744 илјади денари и тоа: 8.679 илјади денари за побарувања кои не се утужени и се со рок на застареност повеќе од 3 години, и за износ од 4.763 илјади денари кои се тужени но не се наплатени повеќе од 10 години;
- стечајни побарувања кон правни лица кои не се евидентирани како сомнителни и спорни побарувања во износ од 1.456 илјади денари и стечајни побарувања кои се оспорени и не се наплатени во целост во износ од 1.846 илјади денари и
- ЈКП од 2019 година во континуитет не презема мерки за утужување на правните лица. За 2022 година, ЈКП повторно нема преземено мерки за наплата на побарувањата кон правни лица, односно поднесена е само една тужба до правно лице во износ од 875 илјади денари.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност МСС - 39 точка 58[4] и 59[5] и сметководствените политики на ЈКП и влијае на реалноста и објективноста на позицијата побарувањата од купувачите и трошоците на работење во ФИ за 2022 година.

---

[4]Ентитетот треба да направи оценка на крајот на секој период на известување дали постои некаков објективен доказ дека некое финансиско средство или група на финансиски средства се обезвреднети.

[5] Финансиско средство или група на финансиски средства е обезвреднето/а и настанати се загуби поради обезвреднување, доколку и само доколку, постои објективен доказ за обезвреднување како резултат на еден или повеќе настани кои настанале по почетното признавање на средството

Препорака:

Одговорните лица во претпријатието да преземат активности и мерки за:

- проценка на наплатливост на побарувањата на крајот на периодот на известување и врз основа на веродостојни докази да спроведат соодветни книжења за вредносно усогласување на истите во трговските книги и финансиски извештаи и
- навремена наплата на побарувањата.

3.1.5. Со извршениот увид во деловните книги на евидентирани расходи кои се однесуваат на новогодишен надоместок и регрес за годишен одмор за вработените, предвидени во Колективниот договор на ЈКП, како и расходи за јубилејни награди, судски трошоци, договори за ангажирање на вработени по договор на дело утврдивме неевидентирани обврски во износ од 16.459 илјади денари. Во 2022 година евидентирани се расходи за новогодишен надоместок и регрес за годишен одмор кои се однесуваат за 2020 и 2021 година во износ од 13.518 илјади денари.

Исто така по Одлуки[6] донесени од УО за вработените на ЈКП предвидени се новогодишен надоместок и регрес за годишен одмор за годината 2022 во износ од 13.011 илјади денари од кои како расход евидентирана е само првата рата за новогодишен регрес во износ од 1.621 илјади денари, додека за останатиот износ од 11.390 илјади денари не се евидентирани обврски и расходи во тековната година.

Овие состојби не се во согласност со точка 22 од рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи составен дел на Правилникот за водење на сметководство, бидејќи не се врши признавање на ефектите од трансакциите/настаните кога истите се случуваат, туку во периодот кога обврските се исплатени.

Неевидентирањето и незголемување на обврските за признаени расходи, не е во согласност со точка 94 од рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи составен дел на Правилникот за водење на сметководство, според која признавањето на расходот се јавува паралелно со признавањето на зголемување на обврските или намалување на средствата.

Наведените состојби не се во согласност со член 469 од Законот за трговски друштва согласно кој финансиските извештаи се водат согласно МСС и влијаат врз реално и објективно прикажување на состојбата на обврските и расходите во деловните книги и финансиските извештаи.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за соодветен третман и евидентирање на обврските и расходите произлезени од бенефициите на вработените кои се исплаќаат во текот на работниот однос, како и

[6] Одлука за исплата на новогодишен надоместок за 2022 година бр.02-2106/7 од 12.12.2022 година и

од другите активности поврзани со работењето на претпријатиeто, се со цел нивно разграничување во периодот кога се случуваат трансакциите/настаните.

3.1.6. Од извршениот увид во финансиските извештаи и сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека во ЈКП „Комуналец“ Прилеп не е извршена пресметка за утврдување на сегашната вредност на акумулираните права на вработените по основ на отпремнини, јубилејни награди, користи поради долгорочна неспособност и други видови на користи. Ваквата состојба не е во согласност со МСС 19 – Користи за вработените и истото има за ефект потценување на искажаните обврски во деловните книги и финансиски извештаи на ЈКП.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки за утврдување сегашната вредност на користите за вработените и нивно евидентирање во деловните книги и финансиските извештаи.

3.1.7. Со увид во сметководствената евиденција на ЈКП утврдивме дека постои неусогласеност помеѓу сметководствената вредност на основната главнина која изнесува 64.892 илјади денари, а произлегува од Конечниот делбен биланс и запишаната основачки влог во тековната состојба на Централниот регистар на Република Северна Македонија во износ од 162.593 илјади денари. По усвојување на делбениот биланс ЈКП има донесено измена на Статутарна одлука и извршено е бришење на дејностите предмет на дејствување на Јавните комунални претпријатија кои се дел од делбениот биланс, а при тоа наместо да се изврши проценка на основната главнина и корекција, истата е преземена од основниот акт за основање на ЈКП од 1989 и 1992 година.
Ваквата состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва, со кој е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи и влијае на реалноста и објективноста на искажаната состојба на основната главнина во Билансот на состојба.

Препорака

Органите на раководење и управување да преземат активности за усогласување на податоците на основната главнина прикажани во сметководствената евиденција на ЈКП со податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

3.1.8. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, ЈКП има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот. За

вршењето на пописот донесена е Одлука[7] со која е формирана Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии и изготвени решенија и план за работа. По извршениот попис, Централната пописна комисија изготвила Извештај[8] за извршениот попис за деловната 2022 година со состојба на ден 31.12.2022 година, усвоен со Одлука[9] на УО. Со увид во документацијата од извршен попис ги утврдивме следните состојби:

- ЈКП нема донесено посебен акт со кој го уредува начинот на попис на средствата и обврските како што е предвидено во член 5 од Правилникот за вршење попис[10];
- Извештајот за извршен попис за деловната 2022 година не содржи податоци за материјалните (физичките) и вредносните разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба и причините за разликите, забелешки и објаснувања во врска со утврдените разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, односно кои се задолжени со материјалните и паричните вредности, а предвидено во член 12 од Правилникот;
- за ставките од позициите градежни објекти и основно стадо, презентирани во Извештајот, не се составени пописни листи од страна на Комисијата за попис како што е предвидено во точка 4 од член 10 од Правилникот;
- во пописните листи за опрема и алати отсуствуваат податоци за утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на средствата, како и утврдување на разлики во бројот (количината) меѓу сметководствената и фактичката состојба на средствата, што не е во согласност со член 11 точка 1 и точка 4 од Правилникот;
- не се доставени пописни листи за извршен попис на позициите: останати материјални средства и материјалните средства во подготовка, истите не се вклучени во Извештај за извршениот попис за деловната 2022 година, што не е во согласност со член 4 од Правилникот;
- пописните листи не ги содржат вредносните показатели поединечно за средствата, што не е во согласност со член 10, точка 5 од Правилникот;
- со извршениот попис на опремата за 2022 година, Комисијата за попис на основни средства во доставениот записник[11] до Централната пописна комисија дава предлог за расходување на работно возило Ивеко, со набавна вредност од 2.875 илјади денари, и сегашна вредност на 31.12.2022 година од

[7] Одлука за формирање на комисии за попис бр.02-2106/2 од 12.12.2021 година
[8] Извештај за извршениот попис за деловната 2022 година во ЈКП Комуналец Прилеп, бр.05-111/1 од 27.01.2023 година
[9] Одлука за усвојување на Извештајот за извршен попис за деловната 2022 година во ЈКП Комуналец од Прилеп, бр.02-128/2 од 31.01.2023 година
[10] Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, Службен Весник на Република Македонија, број 107 од 2011 година.
[11] Записник бр.03-112 од 27.01.2023 година

0 денари. Предлогот е прифатен од Комисијата за попис на расход на основни средства, ситен инвентар, авто гуми, материјали и резервни делови формирана согласно Одлука на УО. Ова возило е вклучено во Извештај за извршениот попис за деловната 2022 година, а избришано од евиденцијата на ЈКП, што не е во согласност со член 11 од Уредбата на Владата од 2019 година.

- не е извршен попис на побарувањата и обврските, односно пописната комисија го прикажала вкупниот износ на истите во Извештајот, но не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата врз основа на екстерна или интерна документација, не се утврдени причини за ненавремена наплата на истите, не е утврдена старосната структура и преземени активности за нивна наплата, што не е согласно со член 10 став 4 и член 7 став 2 од Правилникот. Исто така, пописната комисија не ја утврдила фактичка состојба на салдата преку писмени потврди доставени од страна на купувачите и добавувачите, што не е согласно со член 7 став 2 од Правилникот.

Наведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговски друштва и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември, како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки:

- донесување на посебен акт со кој се уредува начинот на попис кој одговара на специфичностите на дејноста и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот;
- при вршење на попис да бидат опфатени сите средства и обврски, и за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- во пописните листи покрај количините да се внесат и вредностите поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба;
- проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата и обврските врз основа на екстерна или интерна документација, утврдување на старосната структура
- извештаите од Централната пописна комисија и поединечните пописни комисии да ги содржат сите податоци и информации.

3.1.9. Во трговските книги на ЈКП со состојба на 31.12.2022 година на позицијата Основна главнина - запишан и уплатен капитал, евидентиран е износ од 4.772 илјади денари утврден со усвојување на Делбениот биланс од 30.06.2004 година како Акционерски капитал – обични акции распределени по критериум - број на вработени, при што ЈКП наследило 46 % од акциите.
На барање на ревизијата доставено ЈКП се има обратено до Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија за потврда на поседување/непоседување на акции на ЈКП, при што е добиен целосен извештај од ЦД во кој нема податоци за акции на ЈКП.
Оваа состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кој е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, со што се влијае на објективното прикажување на позицијата капитал од Билансот на состојба на 31.12.2022 година.

Препорака
Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за соодветно сметководствено евидентирање на капиталот.

3.1.10. ЈКП остварува приходи по основ на Одлука[12] за технолошки отпад – текстил во износ од 5.905 илјади денари. За извршување на комуналните услуги се склучуваат Договори за подигање и транспортирање на комерцијален отпад – каде предмет на договорот е регулирање на меѓусебните односи меѓу давателот и корисникот на услугата – подигање и транспортирање на целосно продуциран отпад од технолошкиот процес на фирмите.
Со ревизијата ги утврдивме следните состојби:

- одлуката за подигање на технолошки отпад - текстил е донесена во 2014 година, нема измени на истата, а ЗУО е со чести измени и дополнувања до 2021 година. Истиот во член 6 дефинира различни видови на отпад, а содржината на Одлуката се повикува на еден технолошки отпад – текстил и не предвидува други видови на отпад.

- во одлуката за подигање на технолошки отпад предвидени се услуги со утврдени цени за собирање, транспортирање и уништување на технолошки отпад со посипување (затрупување) со земја. Утврдивме дека кај одредени договори, во член 2 предвидени се услуги за подигање и транспортирање на отпад, но не и уништување со засипување, а ЈКП до корисникот доставува фактури и за услуга што не е извршена – уништување.

Со фактурирање според предвидените услуги во Одлуката, а не според реално извршените услуги предвидени во договорите, има влијание на реалното

[12] Одлука за технолошки отпад – текстил бр. 02-731/13 од 29.07.2014 година донесена од УО

прикажување на остварените приходи во ЈКП, истите не се резултат на фактички извршени услуги, односно се услуги кои не се реализирани од страна на претпријатието.

Препорака:
Надлежните служби да донесат поединечни одлуки за услуги со утврдени цени соодветно на видот и карактеристиките на отпадот.

Надлежните служби при изготвување на договорите за подигање и транспортирање на отпад да имаат особен осврт кон содржината на одредбите на истите со цел нивна прецизност и јасност.

### 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со Конечен Делбен биланс од 30.06.2004 година, дадено е земјиште на користење и управување на ЈКП со Одлука на Советот на Општина Прилеп. Со извршениот увид во доставената документација, утврдивме дека тоа е дел од евидентираното земјиште со површина од 16.461 м2 во вредност од 8.731 илјади денари, а носител на правото на сопственост е Република Северна Македонија.
Од усвојување на Конечниот делбен биланс од страна на Советот на Општина Прилеп до вршење на ревизијата ЈКП не презело мерки и активности за утврдување за запишување на правото на користење и сопственост на евидентираното земјиште согласно член 13 од Законот за користење и располагање со стварите во општинска сопственост што има за ефект непостапување согласно законските прописи.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат иницијатива за обезбедување на документ за користење и сопственост на земјиштето.

3.2.2. Врз основа на Одлуки[13] за согласност за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота, ЈКП Комуналец врши наплата на надоместок за одржување на јавна чистота преку доставување на сметки за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој одвоено се прикажува на сметката на извршените услуги доставени до физичките и правните лица.
Согласно член 25 од Законот за јавна чистота, средствата собрани од надоместокот се приход на буџетот на општината и се користат за финансирање на Програмата за јавна чистота. Со извршената анализа утврдивме дека јавното претпријатие не врши редовна и целосна уплата на средствата од надоместокот за одржување на јавна

[13] Одлука за утврдување на надоместокот и начинот за плаќање на комунални услуги во рамките на регистрираните дејности на ЈКП Комуналец на територијата на Општина Прилеп бр.02-16/1 од 27.01.2006 година и Одлука бр.02-1606/4 од 23.09.2022 година

чистота на сметката на буџетот на општината што не е во согласност, поради што се доведува во прашање континуираната реализација на програмските активности. Во 2022 година по овој основ претпријатието фактурирало 13.476 илјади денари, наплатило 10.992 илјади денари од корисниците на услуги, но на сметката на општината има уплатено 1.022 илјади денари или 9.29% од наплатениот надоместок. Со анализа на податоците по години утврдивме состојби прикажани во Табела бр.1:

Табела бр.1 000 денари

| година | Субвенција на ЛС | Фактурирано за ЈПП | Вратени средства на ЛС | Невратени средства од ЈКП на ЛС |
|---|---|---|---|---|
| 2016 | 18.565 | 11.899 | 18.565 | 0 |
| 2017 | 12.320 | 11.934 | 10.942 | 1.378 |
| 2018 | 13.106 | 12.091 | 12.091 | 1.015 |
| 2019 | 13.115 | 12.100 | 12.177 | 938 |
| 2020 | 12.495 | 11.557 | 9.202 | 3.293 |
| 2021 | 15.919 | 11.804 | 6.162 | 9.757 |
| 2022 | 21.561 | 13.476 | 1.022 | 21.902 |

Неплаќање на доспеаните обврски по основ на надоместок за одржување на јавна чистота има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на Општина Прилеп кои заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 21.902 илјади денари.

Препорака:
Надлежните органи во претпријатието да преземат мерки и активности за редовна месечна уплата на наплатениот надомест за одржување на јавна чистота на сметката на буџетот на општината.

3.2.3.Согласно член 12 од Законот за јавна чистота, Општина Прилеп за одржување на јавната чистота донела Програма за одржување на јавната чистота во која се предвидени вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите. За реализација на Програмата за одржување на јавната чистота помеѓу Општина Прилеп и ЈКП, склучени се Договори[14] за одржување на паркови, зеленило и ЈПП согласно кои се врши исплата на субвенции на ЈКП по потпишана ситуација. Во договорите е предвидено, член 4 - извршителот на работите, односно ЈКП да води евиденција за извршените работи, а во членот 5 - контрола и надзор за извршената работа ќе врши комуналниот општински инспекторат. Утврдивме дека ЈКП до Општина Прилеп доставува месечни ситуации, но не и евиденција за извршените

[14] Договор за одржување на паркови, зеленило и јавни прометни површини во Општина Прилеп бр. 04-13/2 од 10.01.2022 година и Договор бр.04-13/1 од 10.01.2022 година

работи (освен во случаи на чистење диви депонии) и истите се одобруваат од страна на одговорните лица во општината. Според наведеното, Општина Прилеп врши исплати на субвенцијата по потпишана ситуација на ЈКП без притоа да изврши увид и контрола на извршените работи за одржување на парковите, зеленилото и јавните прометни површини.

Овој начин на исплата на субвенции не е во согласност со одредбите на договорот – за водење на евиденција и контрола на извршените работи и влијае на точноста и транспарентноста на остварувањето на приходите на ЈКП, односно субвенции од Општина Прилеп.

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување да ги доставуваат до Општина Прилеп месечните ситуации со прилог евиденција за извршените работи за одржување на парковите, зеленилото и јавните прометни површини.

3.2.4.Во интерниот акт на ЈКП[15], предвиден е оддел за ревизија со 2 (два) извршители - советник внатрешен ревизор во рамки на одделението за поддршка на директорот. Ваквата организациска поставеност на одделот за ревизија е спротивно на член 33 став 1 и став 2, како и член 34 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, каде е уредено дека единицата за внатрешна ревизија треба да биде организациски и функционално независна и директно одговорна на раководителот на субјектот а не како што е предвидено во актот на ЈКП.

Со тоа што во актот на ЈКП се предвидени 2 (две) места извршители - советник внатрешен ревизор, не е во согласност со одредбите од член 30 став 2 и член 31 став 1 алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со кои јавното претпријатие е должно да основа единица за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија.

Од предвидените места 2 (два) извршители - советник внатрешен ревизор ниту едно не е пополнето, освен во периодот 2020 - 07. 2021 година со еден извршител. Од месец јули 2021 година кога работното местото е испразнето, ЈКП нема преземено активности за пополнување на работните места внатрешен ревизор, со што не се обезбедени услови за функционирање на внатрешната ревизија.

Несоодветната организациона поставеност на внатрешната ревизија, нефункционирање на истата, не овозможува на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му се обезбеди независно, разумно, објективно уверување и

---

[15] Правилник за систематизација на работните места во ЈКП Комуналец Прилеп е донесен на 18.12.2015 година арх.бр. 03-3210/1; Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈКП Комуналец Прилеп од 19.03.2018 арх.бр.03-759 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈКП Комуналец Прилеп од 19.04.2021 бр.03-584/2

насоки со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Препорака
Одговорното лице и надлежните органи на раководење и управување на ЈКП да преземат активности за:

- соодветна организациска поставеност на внатрешната ревизија,
- екипирање - пополнување на работното место внатрешен ревизор со цел воспоставување на систем за внатрешна ревизија.

3.2.5. Во Статутот[16] на ЈКП е предвидено во член 26 дека работата и начинот на одлучувањето на Управниот одбор се уредува со Деловник. Првиот и единствен Деловник за работа на УО е донесен на 22.06.2004 година, односно пред усвојување на Конечниот делбен биланс помеѓу ЈКП „Комуналец“ Прилеп, ЈКП „Водовод и Канализација“ и ЈКП „Пазари“, со состојба 30.06.2004 година. Деловникот ги регулира прашањата за работа на управниот одбор (подготовка, свикување, одржување на седници, работа на седница, донесување на одлуки, итн.) на сите три комунални претпријатија од делбениот биланс. До денес се извршени структурни и организациски промени во работењето на ЈКП, а Деловникот сеуште е во примена. Во 2022 година донесен е Заклучок за започнување на постапка за донесување на нов Деловник за работата на Управниот одбор на ЈКП во кој се наведуваат конкретни лица, задолжени за изработка на предлог - текстот на Деловникот. Иако во точка 3 од Заклучокот е наведен датум кога предлог - текстот на нов Деловник да биде доставен до Управниот одбор (30.06.2022) на разгледување, по истото не е постапено. Оттука Управниот одбор функционира без основен акт со кој се утврдува работењето и начинот на одлучувањето на истиот.

Препорака
Надлежните органи на раководење и управување да преземат активности за донесување на нов Деловник за работа на УО.

3.2.6. Согласно Законот за управување со отпад, во член 43 став 8 е пропишана обврска, создавачите на комерцијален отпад да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината.
Исто така во ЗУО член 6 точка 28 предвидено е дека давател на услуга е јавно претпријатие основано од општините или градот Скопје и правно и физичко лице кое склучило договор за давање на услуга од јавен интерес од локално значење, а членот 4 точка 5 од Законот за комунални дејности предвидува дека Корисник на

[16] Статут на ЈКП – пречистен текст бр.02-800/3 од 10.05.2022 година

комунална услуга е правно и физичко лице кое ги користи услугите на давателот на услугата, чии права и обврски се регулираат со меѓусебно склучен договор.
Со извршениот увид во Biling системот (систем за изработка на сметки и наплата на побарувања од домаќинства и правни лица), констатиравме дека ЈКП „Комуналец“ Прилеп од 21.178 активни корисници (физички лица) од градското и рурално подрачје, има склучено 12.503 договори или само 59.04% од активните корисници имаат дефинирани должничко доверителски односи со ЈКП (од нив 91% се од градско подрачје и 9 % се договори од руралното подрачје).
Од вкупно 1.447 правни лица склучени се 92 договори или само 6.36% од правните лица кои користат услуги на ЈКП имаат склучено договор со истото иако на истите им се фактурира за услугата.
Нискиот процент на склучени договори упатува на непочитување на законските одредби, односно недефинирани должничко доверителски односи особено кај правните лица – корисници на услуги создава ризик од неизвесност во наплатата на извршените услуги како и ризик од непречено остварување на правата и обврските на давателот и на корисниците на услуги.

Препорака:
Надлежните органи на раководење и управување со ЈКП да преземат конкретни мерки и активности за склучување договори со сите корисници на комунални услуги физички и правни лица.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Обрнуваме внимание дека ЈКП „Комуналец“ Прилеп во 2022 година е тужена странка во 67 предмети каде вкупната вредност на тужените барања изнесува 5.946 илјади денари и тоа по основ на: надомест на штета од каснување на куче и неостварени права по Закон за работни односи - бенефициран стаж. ЈКП се јавува како тужител на 63 правни лица во вкупен износ од 4.904 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз работењето на ЈКП.

4.2. Со ЗУО[17] од 2020 година, во членот 123 предвидено е Советот на општините и Советот на градот Скопје да можат да определат надоместок за управување со отпадот во висина од 1% до 2% од цената за извршена услуга за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад. Општина Прилеп нема донесено одлука на Совет за воведување на овој надоместок поради што обврската за овој надоместок не се фактурира и не се евидентираат побарувања од физичките и правните лица, не се евидентираат обврски и не се плаќа од страна на ЈКП на општината. Истиот

[17]Закон за управување со отпадот –Редакциски пречистен текст со последна измена во Службен весник на РСМ” бр. 31/20,

надоместок е предвиден и со член 113 од Законот за управување со отпадот[18] донесен во месец септември 2021 година каде е регулирано дека давателите на услугите плаќаат надоместок за управување со комуналниот отпад во висина од 2% од цената која ја наплаќаат за извршената услуга на општината или градот Скопје и се приход на буџетот на општините и градот Скопје, а се користат за финансирање и реализирање на целите за управување со отпад утврдени во регионалните планови за управување со отпад како и заради финансирање на организационите единици за регионално управување со отпад. Надлежните органи на раководење и управување во ЈКП по донесување на Одлука од Советот за определување на надоместок за управување со отпад да извршат пресметка и исплата на истиот во Буџетот на Општина Прилеп во насока на реализирање на Програмата за управување со отпад утврдена во регионалните планови за управување со отпад.

4.3.Од страна на ЈКП „Комуналец“ Прилеп со Изјава[19]од 11.09.2000 година основано е Трговско друштво за производство, трговија и услуги Терминал Комуналец ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп кој според претежната дејност која ја врши се распоредува во категорија магацин и стоваришта.

При увид на доставената документација за организирање и извршување на активноста на друштвото констатирани се следниве состојби и тоа:

- Правата и обврските на Терминал–Комуналец ДООЕЛ се регулирани со договор[20] за користење на работен простор на Царинската испостава Прилеп склучен на 01.06.2017 година помеѓу Царинска управа на Република Македонија и Терминал –Комуналец ДООЕЛ Прилеп, во кој според член 2 од истиот е уредено дека се дава на користење работниот простор без надомест за период од пет години сметано од потпишувањето на договорот. Исто така сите трошоци кои произлегуваат од непречено одвивање на Царинската испостава и тоа сметки за струја, вода, ПТТ, комунални услуги се обврска на друштвото Терминал-Комуналец ДООЕЛ Прилеп.

  Ваквиот начин на постапување односно склучување на договор кој во целина е штетен за друштвото, односно без обезбедување на извори на приходи од една од неговите основни дејности има за ефект влошување на деловната активност на претпријатието кое во континуитет прикажува загуба од своето работење, а кои загуби само доведуваат и до намалување на ефикасното работење на ЈКП Комуналец Прилеп како негов основач кој согласно Изјавата за основање на друштвото е обврзан да ја покрие загубата. Истото е

[18] Закон за управување со отпадот Службен весник на РСМ, бр. 216 од 17.9.2021 година
[19] Изјава за основање на Терминал- Комуналец ДООЕЛ Прилеп бр.03-670/1 од 11.09.2000 година
[20] Договор за користење на работен простор на Царинската испостава бр. 04-351/1 од 01.06.2017 година

предвидено и со последната Изјава[21] за основање на Терминал- Комуналец ДООЕЛ Прилеп од 22.11.2021 година.

- Во трговските книги на ЈКП„Комуналец“ Прилеп, на сметката Побарувања од поврзани субјекти позајмици, заклучно со 31.12.2022 година искажана е состојба во износ од 840 илјади денари која се однесува на дадени позајмици на Терминал ДООЕЛ во текот на 2021 и 2022 година со цел друштвото да може да го извршува тековното работење. Друштвото Терминал е основано од ЈКП „Комуналец“ Прилеп како негов единствен основач. За исплатените средства на име позајмици заклучно со 31.12.2022 година не се донесени одлуки на УО ниту се склучени договори за позајмици. На 13.03.2023 година, од страна на Управниот Одбор на ЈКП „Комуналец“ Прилеп донесена е Одлука[22] за одобрување на дадените позајмици на Терминал - Комуналец ДООЕЛ Прилеп со која одлука Друштвото има обврска добиените позајмици за период 2021 и 2022 година да ги врати на ЈКП „Комуналец“ Прилеп заклучно со 31.12.2023 година. Исто така за дадените позајмици Друштвото има обврска да му исплати на ЈКП камата во висина пресметана според најниската каматна стапка утврдена од НРБМ. При увид во сметководствената евиденција утврдивме дека друштвото до завршување на ревизијата нема пристапено кон подмирување на обврските кон основачот по основ на примените позајмици.
- Во насока на извршување на основната дејност на друштвото како и регулирање на меѓусебните односи на основачот и друштвото склучен е Договор[23] за закуп на 31.05.2018 година. Согласно склучениот договор на Терминал - Комуналец ДООЕЛ Прилеп му е даден под закуп: деловен простор - царински терминал (царинска зграда, зграда на детален царински прегледи и дворна површина), паркинг простор, канцеларии од контејнерски тип, како и Трпезарија на новите гробишта во Прилеп во износ од 182 илјади денари без ДДВ по основ на вкупна закупнина. Договорот за закуп е склучен за период од 5 (пет) години. Согласно склучениот договор во членот 4 од истиот е уредено дека неплаќањето на две последователни месечни рати односно три закупнини во текот на една година, е основ за раскинување на склучениот договор за закуп од страна на закуподавецот.

  При увид во сметководствената евиденција констатирано е дека од страна на Друштвото не се преземени активности за плаќање на обврската согласно склучениот договор за закуп, односно ЈКП „Комуналец“ Прилеп заклучно со

[21] Изјава за основање на Терминал- Комуналец ДООЕЛ Прилеп бр.02-1855/3 од 22.11.2021 година
[22] Одлука за одобрување на дадените позајмици на Терминал Комуналец ДООЕЛ Прилеп, бр. 02-351/2 од 13.03.2023 година
[23] Договор за закуп склучен на 31.05.2018 година , бр.04-1495 од 08.06.2018 година.

31.12.2022 година има евидентирано побарување од друштвото во износ од 10.202 илјади денари по основ на неплатена закупнина. Од страна на ЈКП не се преземени активности за раскинување на склучениот договор, или утужување на побарувањата од друштвото во насока на нивна наплата по судски пат.

Во ЈКП за 2022 година евидентирани се приходи од закупнини во износ од 549.000 денари за месеците јануари и февруари и јули 2022 година. За останатите 9 месеци не се доставени фактури по основ на закупнина до Терминал - Комуналец ДООЕЛ Прилеп од причина што УО на ЈКП има донесено 2 одлуки[24] од 25.03.2022 и 23.09.2022 година за времено укинување на закупнината.

Со оглед на тоа што Договорот за закуп е со важност до 31.05.2023 година, УО на 01.06.2023 година одржал состанок, а во записник[25] од истиот е наведено дека постои барање на Терминал за целосно ослободување од плаќање закупнина, но истото е одбиено. Нов договор за закуп сеуште не е потпишан, а за периодот од истекување на важноста на договорот до денот на завршување на ревизијата ЈКП „Комуналец“ не врши фактурирање по основ на закуп, што влијае на остварувањето на приходи на ЈКП.

Ваквиот начин на работење со склучување штетни договори, ослободување од закупнини предвидени во договор, давање позајмици без договори, неисполнување на обврските од страна на друштвото, влијае директно на финансиската способност и ликвидност на ЈКП поради можност од загуба на средства дадени во вид на позајмици, закупнини и намалување на и така слабата финансиска состојба на претпријатието. Поради тоа одговорните лица во ЈКП и УО да преземат мерки и активности по истите.

4.4. Ревизијата обрнува внимание на постоење на неизвесност од исходот од судска постапка по спроведена јавна набавка на половни возила за метење и чистење на улици за потреби на ЈКП. Со налог за извршување[26] се наложува на ЈКП да исплати и тоа на име главен долг 4.116 илјади денари, 1.636 илјади денари камата до ден на налогот, 46 илјади денари трошоци на постапка и 178 илјади денари трошоци за извршувањето, односно вкупно трошоци според извршна исправа во износ од 5.972 илјади денари.

Со увид во документацијата на ЈКП утврдивме дека е спроведена е постапка[27] за набавка на половни возила за метење и чистење на улици за потреби на ЈКП, при

[24]Одлуки за времено укинување на закупнина бр. 02-533/2 од 25.03.2022 и бр.02-1606/6 од 23.09.2022 година
[25]Записник од 30 –та седница на УО бр. 02-793/1 од 01.06.2023 година
[26]Налог за извршување И.бр.1786/2022 од 29.07.2022 година
[27]одлука 05-1652 од 26.06.2018 година

што е склучен Договор[28] од 15.08.2018 година помеѓу ЈКП - договорен орган и носителот на набавката со времетраење на истиот од 1 година во вкупен износ од 4.130 илјади денари со ДДВ. Предмет на набавката се 2 (две) половни возила за метење и чистење на улици. Согласно член 7 од договорот испораката на возилата требала да биде во рок од 15 дена врз основа на писмена нарачка, како и испратница потпишана од овластено лице од двете страни, но не утврдивме постоење на истите. За половните возила доставени се на 30.11.2018 година, 2 (две) фактури од носителот на набавката кои ЈКП ги вратило со образложение[29] од 15.02.2019 година дека не е направена писмена нарачка на половните возила за да се направи испорака на истите предвидено во член 17 од договорот. Од страна на Комисија на ЈКП извршен е увид на едно од половните возила и изготвен е Записник[30] на 25.07.2019 година во кој е утврдено неисправност на половното возило- метларка со барање истото да се однесе на технички преглед. До 2021 година нема никаков развој на настани, а носителот на набавката поднел Платен налог против ЈКП за неизмирени обврски, каде преку Нотар е донесено Решение за издавање на НПН 222/21 од 01.11.2021 година во корист на носителот на набавката. ЈКП поднело приговор по однос на НПН, но без дополнителни докази, а со потпис на советникот за застапување – вработен во ЈКП. Приговорот е отфрлен со Решение[31] на Основен суд Прилеп од причина што истиот не е изготвен од согласно член 68 од Законот за нотаријат. По одбивање на приговорот поднесена е жалба до Апелационен суд Битола кој со Решение[32] од 08.02.2022 година го потврдува Решението на Основен суд Прилеп. ЈКП на 04.08.2022 година доставило до ОЈО кривична пријава[33] по која ОЈО на 09.09.2022 година се обратило до ЈКП со барање за документација[34]. Со оглед на тоа што ЈКП сеуште нема добиено одговор по однос на поднесената кривична пријава, истото нема пристапено кон исплата на извршното решение. УО на 31.01.2023 година донел Одлука[35] со која препорачува на директорот на ЈКП да пристапи кон договарање за исплата на обврската на повеќе рати.

Половните возила за целиот период од склучување на договорот се во владение на Носителот на набавката, а со Записник доставен од извршител за втора продажба

---

[28]Договор за сукцесивна набавка на половни возила за метење и чистење на улици бр. 05-2174 од 15.08.2018 година

[29] Допис за враќање на фактури бр. бр. 03-362 од 15.02.2019 година

[30] Записник бр. 03-1513 од 25.07.2019 година

[31] Решение на Основен суд Прилеп ПЛ1 ТС-76/21 од 22.11.2021

[32] Решение на Апелационен суд Битола ТСЖ 23/22 од 08.02.2022 година

[33] Кривична пријава до ОЈО бр. 03-1358/1 од 04.08.2022 година

[34]Барање за документација од ОЈО бр. 03-1536/1 од 09.09.2022 година

[35]Одлука по основ на И.БР. 1786/2022 година од 29.07.2022 на Извршителот за доверителот, бр.02-128/6 од 31.01.2023 година

на предмети со усно јавно наддавање[36] истите се купени од носителот на набавката. Доставена е и потврда за пренос на истите во владение на купувачот.

Според горенаведеното, договорот за набавка склучен на 15.08.2018 година не е реализиран, а останува обврската на ЈКП по основ налог за извршување да исплати главен долг и камати што дополнително ќе влијае на резултатите од работењето на ЈКП. Во периодот 2018-2023 година се случиле неколку промени на раководната структура во ЈКП (5 директори) и за целиот тој период не се преземени мерки за комплетирање на документација - докази по однос на набавката. Исто така ненавремено и нецелосно преземени мерки од правната служба како и недоставување на документација - докази до судот се причини поради кои денес ЈКП се соочува со НПН, кое ќе има влијание на финансиските извештаи на јавното претпријатие во идниот период.



Половно возило за метење и чистење на улици

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната

[36] Записник за за втора продажба на предмети со усно јавно наддавање бр.03-568/1 од 24.04.2023 година

програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 27.03.2023 до 31.07.2023 година кај ЈКП „Комуналец“ Прилеп од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија претходно не е извршена ревизија на финансиски извештаи на ЈКП „Комуналец” Прилеп и усогласеност на истите со закони и прописи.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот ЈКП „Комуналец“ Прилеп, застапувано од:

- Рубинчо Абрашоски, в.д. директор од 03.12.2021 година, а директор од 15.03.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на ЈКП „Комуналец“ од Прилеп, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе

комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 9. Недостатоци во внатрешната контрола

9.1. Со извршената проверка на дизајнираниот систем и функционирањето на внатрешните контроли во јавното претпријатие, ревизијата ги утврди следните состојби:

- ЈКП „Комуналец“ Прилеп нема донесено процедури за важните активности во работењето поврзани со економските операции со кои ќе се утврди текот на движење на документацијата за секое ниво на одговорност, поделба на должностите и одговорностите на лицата вклучени во процесите и систем за следење. Во ЈКП се применуваат интерни упатства за движење на одредена документација (фактури и прегледи) до нивно одобрување и потпишување но истите не се усвоени од УО,
- отсуствува потврда за извршената контрола врз целосноста, комплетноста и точноста на податоците во документацијата, од причина што не е назначено лице за контрола и
- не е назначено лице кое ќе врши следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

Не преземените мерки и активности за воспоставување и функционирање на системот на внатрешни контроли во одделните процеси од работењето предвидени со Стандардот 12 – Процедури, Стандард 13 – Поделба на должностите и Стандард 14 - Надзор, создаваат ризик во трговските книги да се евидентираат трансакции кои не се веродостојни, комплетни и точни.

### Препорака

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземат мерки и активности за:

- донесување на процедури за важните активности поврзани со економските операции и
- назначување одговорни лица кои ќе вршат проверка на комплетноста и точноста на податоците во документацијата и следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ЈКП одржан на ден 11.09.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на субјектот ЈКП „Комуналец" Прилеп и одговорното лице во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениjа** | **2022** | **2021** |
| | | | |
| Приходи од продажба на неповрзани друштва | 3.1 | 223.874 | 202.590 |
| Останати приходи | 3.2 | 77 | 95 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **223.951** | **202.685** |
| | | | |
| | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 3.3 | 31.571 | 21.602 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 17.562 | 10.479 |
| Плати, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 147.739 | 144.432 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 7.171 | 6.459 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 22.822 | 18.610 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8 | 1.956 | 4.248 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 3.9 | 4.116 | 0 |
| Останати расходи | 3.10 | 171 | 190 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **233.109** | **206.020** |
| | | | |
| Финансиски приходи | 3.11 | 4.357 | 3.844 |
| Финансиски расходи | 3.12 | 1.648 | 117 |
| | | | |
| | | | |
| **Добивка/Загуба од редовно работење** | 3.13 | **(6.449)** | **391** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 4.745 | 5.679 |
| Побарувања од поврзани друштва | 4.2 | 2.142 | 1.851 |
| Побарувања од купувачи | 4.3 | 136.454 | 121.695 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.4 | 86 | 86 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.5 | 674 | 168 |
| Побарувања од вработените | 4.6 | 4 | 5 |
| Останати побарувања | 4.7 | 97 | 143 |
| Залихи | 4.8 | 4.219 | 4.252 |
| **Вкупно тековни средства** | | **148.421** | **133.879** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.9 | 140.445 | 133.848 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.10 | 310 | 310 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **140.755** | **134.158** |
| **Вкупна актива** | | **289.176** | **268.037** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани | 4.11 | 20.622 | 9.835 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачите | 4.12 | 20.921 | 18.801 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и | 4.13 | 4.462 | 4.147 |
| Обврски спрема вработените | 4.14 | 8.015 | 8.500 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни | 4.15 | 0 | 28 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (пвр) | 4.16 | 34.341 | 24.004 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **88.361** | **65.315** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервирања | 4.17 | 5.972 | 0 |
| Долгорочни обврски | 4.18 | 22.419 | 23.019 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **28.391** | **23.019** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен | 4.19 | 64.892 | 64.892 |
| Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка | 4.20 | 6.273 | 6.273 |
| Резерви | 4.21 | 12.300 | 12.300 |
| Акумулирана добивка | 4.22 | 96.266 | 97.062 |
| Загуба од тековната година | 4.23 | 7.307 | 824 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **172.424** | **179.703** |
| **Вкупна пасива** | | **289.176** | **268.037** |

П Р Е Г Л Е Д

НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен | Ревалоризациона резерва | Резерви | Акумулирана добивка | Загуба за финансиската година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| Состојба 01.01.2022 година | 64.892 | 6.273 | 12.300 | 97.062 | -824 | 179.703 |
| Зголемувања: | | | | | | |
| Распоред на добивката за 2021 година | | | | | | - |
| | | | | | | - |
| Намалувања: | | | | | | |
| Покривање на загуба од претходни години | | | | (796) | | -796 |
| Покривање на загуба на терет на добивката | | | | | -6483 | -6.483 |
| Останати намалувања | | | | | | |
| | | | | | | 0 |
| Состојба 31.12.2022 година | 64.892 | 6.273 | 12.300 | 96.266 | -7.307 | 172.424 |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ на 31.12.2022 ГОДИНА | |
|---|---|
| | |
| | во 000 денари |
| | 2022/2021 |
| Готовински текови од опретивно работење | |
| Нето добивка по оданочување | (7.307) |
| Амортизација | 7.171 |
| Готовински текови од работење | -136 |
| Побарувања од поврзани друштва | -291 |
| Побарувања од купувачи | (14.759) |
| Побарувања за дадени аванси | |
| Поварувања од државни органи и институтоции | (506) |
| Побарувања од вработени | - |
| Останати побарувања | 46 |
| Краткорочни финансиски средства | |
| Залихи | 33 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | 10.787 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2.120 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 315 |
| Обврски спрема вработени | -485 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | (28) |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 10.337 |
| Нето готовински текови од оперативно работење | 7.433 |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (13.767) |
| Нето готовински текови од инвестиционо работење | (13.767) |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | |
| Капитал | 28 |
| Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | 5.972 |
| Долгорочни обврски | (600) |
| Нето готовински текови од финансиско работење | 5.400 |
| Нето зголемување на паричните средства | -934 |
| Парични стредства на почетокот на годината | 5.679 |
| Парични средства на крајот на годината | 4.745 |